Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт , на ден _______________ година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.8-Трафостаница "ТС 4" 35(10)/0,8кв, на дел од КП 566/1, КО Долани, Општина Штип, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт, www.mtc.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.8-Трафостаница "ТС 4" 35(10)/0,8кв, на дел од КП 566/1, КО Долани, Општина Штип, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отворање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздух од производство на електрична енергија на конвенционален начин. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

**4.** Согласно Решението за Услови за планирање на просторот со бр. УП1-15 488/2023 од 14.03.2023 год (издадено врз основ на Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y 11323 од март 2023 година) на подрачјето траса на опфатот на дел од КП 566/1, КО Долани , О.Штип нема одобрено урбанистичко планска ниту урбанистичко проектна документација, ниту за истата се води постапка.

**5.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-4039/6
Датум: 07 .11.2024 година
Место: Скопје

**МИНИСТЕР**
**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * REPUBLIKA ... МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ ... СКОПЈЕ